**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ГЕВГЕЛИЈА**

**Ул.Димитар Влахов бр.2 Гевгелија**

**А бр.0402-18/24**
**06.02.2024 година**

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за јавнообвинителска служба ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15), **Основниот јавен обвинител**, донесе

## ОДЛУКА
**за избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас за вработување на јавнообвинителски службеник во **Основно јавно обвинителство - Гевгелија** и тоа за работно место – **Самостоен јавнообвинителски референт-уписничар - 1 извршител**, врз основа на Предлог на кандидати за вработување се избира:

   **Игор Атанасоски**

2. Избраниот кандидат по конечноста на оваа Одлука е должен да достави докази за исполнување на општите и посебните услови за вработување на јавнообвинителски службеник во **Основно јавно обвинителство-Гевгелија,** согласно чл 22 од Законот за јавнообвинителска служба.

3. Вработувањето на избраниот кандидат од точката 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

### Образложение

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 18.12.2023 година во дневните весници „Вечер", „Нова Македонија" и „Коха" објави јавен оглас бр.1/2023 за пополнување на работно место **Самостоен јавнообвинителски референт-уписничар - 1 извршител**, во **Основно јавно обвинителство -Гевгелија.**

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на Предлог на кандидати за

вработување, **Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гевгелија** изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Советот на јавнообвинителска служба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**Василка Садикова Ковачева**

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Именуваниот
- **Одделение за општи работи во ОЈО Гевгелија**
- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија;
- Одделение за за управување со човечки ресурси во ЈОРСМ;
- Архива.